С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 2 година XLIII

1 март 2007

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона-„Локалитет 1“-Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1“-Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/1
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.02.2007 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона –„ Локалитет 1” - Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1”- Велес.

Документацијата за донесување на Деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05), Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1”- Велес е со површина на урбано подрачје од 6.08ha.

Во документационата основа и во планираниот развој опфатени се три урбани модули, а просторот е дефиниран во поголем дел – семејно домување во станбено-деловни објекти и заштитно зеленило.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Деталниот урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1”- Велес;

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

Извештај од стручната консултација и јавната анкета на Нацрт-деталниот урбанистички план за Индустриска зона – “Локалитет 1”- Велес

Член 4

За Деталниот урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1”- Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје бр.18-652 од 16.02.2007 година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1”- Велес го потпишува и заверува претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден во Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ - Подрачно одделение Велес,

еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи - Подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи Подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Деталниот урбанистички план за Индустриска зона – „Локалитет 1"- Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/1
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/2
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 83 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 6/03 и 6/05), член 96 и 104 од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ" бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04 и 31/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.02.2007 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува обврска, висина и начин на плаќање на надоместокот за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари на територијата на Оштина Велес.

Член 2

Обврзници за плаќање надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари се физички и правни лица по чие барање и за чии потреби се врши прекопот.

Обврската за плаќање на надоместокот не се однесува на физички и правни лица кои вршат прекопи на улици, плоштади и тротоари по налог на Општина Велес .

Член 3

Висината на надоместокот за поставување инсталации на улици, плоштади и тротоари изнесува 15% од вредноста на градежно земјените работи и 5% за надзор на стручни лица од Одделението за комунална инфраструктура со цена утврдена во последниот важечки тендер што го има склучено Општината за тој тип на изведба.

Член 4

Висината на надоместокот за асфалтирање на прекоп изнесува 1.500,оо денари со дебелина од 10 см за површина од 1м², бетонирање 600,оо денари за површина од 1м² и прередување на камени коцки (бекатон) 300.оо денари за површина од 1м².

Член 5

Инвеститорот кој ќе поднесе барање за прекоп должен е градежно земјените работи да ги изведе согласно техничките прописи и правила за овој вид на работа, под надзор и контрола на изведување од страна на стручни лица. Доколоку не го стори тоа ќе бидат преземени соодветни законски мерки.

Член 6

Условите за вршење на прекопот и начинот на плаќање на надоместокот ќе се регулираат со Договор помеѓу Општина Велес и барателот на прекопот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/2
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност за доградба на објект

Се објавува Одлуката за давање согласност за доградба на објект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/3
01.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/02) и член 52 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 51/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28.02. 2007 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за доградба на објект

Член 1

На градежно земјиште сопственост на Република Македонија што се води на Имотен лист бр.24865 за КО Велес, КП бр.5263 со површина од 4040 м², корисници се Општина Велес со 11/13 и ДПТУ „Жито“ извоз-увоз Јованче ДООЕЛ Велес со 2/13 од вкупната површина.

Член 2

Како сокорисници на истата парцела се дава согласност за доградба на влез на објект врз основа на Идеен проект тех бр.21/06.

Давањето на согласноста ќе се користи за добивање на одобрение за градење согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

За добивање на согласноста за доградба на влез во објект инвеститорот ДПТУ „Жито“ извоз-увоз Јованче ДООЕЛ Велес треба да плати надоместок во висина од 100.000 денари како вредност на веќе изградениот дел кој е во заедничка сопственост со општината.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/3
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/4
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок

Член 1

Во Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок ("Службен гласник на Општина Велес" бр.3/03 и 4/03), се врши измена и дополнување. Во член 1 од Одлуката точката после зборот „Македонија", се брише и се додава „и СРД „Металург".

Член 2

Во член 3 зборот „и" после текстот „Општината Велес" се брише и се заменува со запирка. Во истиот член после зборот „Македонија" се додава „и СРД „Металург".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/4
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/5
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/5
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ" бр. 66/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ВРШЕЊЕ НА СИСТЕМСКА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

I.ВОВЕДНА АНАЛИЗА

Од страна на Заводот за здравствена заштита-Велес, надлежна институција за следење на епидемиолошката состојба со заразните болести до Општина Велес беше доставена Информација за состојбата со глодарите на територијата на Општина Велес со предлог-мерки за итно вршење на системска дератизација.

Од извршените теренски увиди и третирања, 333-Велес констатира енормно голем регистриран број на возрасни единки на глодари и мали сиви глувци. Бидејќи возрасните единки се полово зрели во месеците март-април и октомври-ноември се очекува рапидно зголемување на нивниот број.

Освен во канализацијата, забележано е нивно присуство на јавните површини, зеленилото, контејнерите со отпад, градскиот пазар и течението на река Вардар.

Како пренесувачи на 40 заразни заболувања тие претставуваат сериозна опасност по здравјето и општата безбедност на граѓаните на Општина Велес.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се изврши системска дератизација и да се стави под контрола бројот на штетни глодари во Општина Велес.

Со оваа програма:

- Се регулира потребата од сузбивање на глодарите за да се заштити здравјето на населението;
- Се утврдува територијата (објектите и површините на кои ќе се спроведе дератизација);
- Се одредува правното лице кое ќе ја спроведе дератизацијата;
- Се утврдуваат основните мерки на сигурност и мерките за санација;
- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Дератизацијата ќе се изврши на територијата на Општина Велес и ќе ги опфати:

- јавните површини (паркови, плоштади, пазари, паркинзи, игралишта);
- левиот и десниот брег на река Вардар од Башино Село до Кланица Л&J.

Предмет на оваа Програма не е дератизација на канализационата мрежа за која е задолжено ЈКП "Дервен", согласно член 18 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес.

V. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Бидејќи според Законот за заштита на населението од заразни болести, "дератизацијата се изведува со стручна и техничка помош на заводите за здравствена заштита и други правни лица кои ги исполнуваат пропишаните услови", Општина Велес ќе спроведе постапка за јавна набавка за реализирање на активностите од програмата.

V.АКТИВНОСТИ – МЕРКИ ЗА САНАЦИЈА И МЕРКИ НА СИГУРНОСТ

Системската дератизација е сложен процес кој ги опфаќа следните чекори:

1.Отстранување на дивите депонии од јавните површини и брегот на реката Вардар пред почетокот на дератизацијата ЈКП "Дервен" ќе изврши отстранување на евидентираните диви депонии на јавните површини во градот, а особерно дивите депонии по течението на реката Вардар заради ефективно извршување на дератизацијата.

3.Евидентирање на површини за третирање.

Според утврдена методологија, територијата на градот е поделена на 12 реони кои ќе се третираат етапно.

1.Утврдување на методологија и избор на препарат за третирање

Согласно конфигурацијата на теренот ќе се работи по следната методологија:

- систем на отворање на лепеза – мамците се поставуваат од центарот кон периферијата на теренот;
- систем на затворање на лепеза – мамците се поставуваат од периферијата кон центарот на теренот;
- систем на концентрични кругови – мамците се поставуваат во концентрични кругови од центарот кон периферијата на теренот;
- систем на блок – мамците се поставуваат по систем на блок на територијата на градските квартови.

Особено внимание ќе се обрне на видот на препаратот за третман и безбедноста од спроведувањето на постапката за граѓаните.

4. Информирање на граѓаните

За вршењето на дератизацијата по реони граѓаните ќе бидат информирани преку електронските и печатените медиуми. Обврската за информирање ќе биде дел од договорот со избраниот изведувач.

VI.ДИНАМИКА И НАДЗОР ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Дератизацијата ќе се изведе во текот на годината во две главни етапи:

- март-јуни и
- септември-декември

за да се пресретне половата зрелост на единките и да се сузбие размножувањето и зголемување на нивниот број.

За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до Општина Велес да доставува месечни извештаи за извршената работа, а на крајот на годината и Годишен извештај за извршената системска дератизација со проценка на успешност. Годишниот изврештај ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

VI.БУЏЕТ

Финансиските средства за спроведување на оваа Програма во износ од 170.000 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2007 година.

VI.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од спроведувањето на системската дератизација се очекуваат следните резултати:

-ставање под контрола на големиот број на штетни глодари;

-спроведување на редовна годишна дератизација;

- унапредување на здравјето на граѓаните и заштита од заразни заболувања.

Број 0701-944/5
28.02.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување на претседател на Организациониот одбор на Културна манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Решението за разрешување на претседателот на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/6
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Вез основа на член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 23, од Законот за култура – („Сл.весник на РМ“ бр.66/03)(пречистен текст) и член 4 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ во Културна манифестација на Општина Велес (бр.0701-1190/3 од 30.03.2006 година),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на претседателот на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

1. Со ова Решение се разрешува од должноста претседател на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“лицето:

- Марјанчо Николов

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-944/6
28.02.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р

22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година.

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/7
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007година

1. Советот на Општина Велес ја усвои

Информацијата за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/7
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/8
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-944/8
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за уписот на ученици во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за уписот на ученици во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/9
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за уписот на ученици во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за уписот во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-944/9
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбите на Градскиот пазар

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбите на Градскиот пазар, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/10
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација со состојбите со Градскиот пазар

1. Советот на Општина Велес ја усвои Информација со состојбите со Градскиот пазар.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-944/10
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со бесправно изградените објекти во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со бесправно изградените објекти во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

Број 0801-960/11
01.03.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.02.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за состојбите со бесправно изградените објекти во Општина Велес

1.Се усвојува Информацијата за состојбите со бесправно изградените објекти во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-944/11
28.02.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

16	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона-„Локалитет 1“-Велес**	17
	О Д Л У К А за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона –„ Локалитет 1” - Велес	
17	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари**	18
	ОДЛУКА за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари	
18	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за давање согласност за доградба на објект**	19
	О Д Л У К А за давање согласност за доградба на објект	
19	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок**	19
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на просторија без надоместок	
20	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес**	20
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за вршење на системска дератизација во Општина Велес	
	П Р О Г Р А М А ЗА ВРШЕЊЕ НА СИСТЕМСКА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС	
21	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решението за разрешување на претседател на Организациониот одбор на Културна манифестација „Рацинови средби“**	22
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на претседателот на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“	
22	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година.**	22
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските основни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007година	

Бр на акт **Страница**

23	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007 година**	**23**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за воспитно-образовната работа на Општинските средни училишта во Велес, во првото полугодие од учебната 2006/2007година	
24	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за уписот на ученици во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година**	**23**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за уписот на ученици во Општинските средни училишта во учебната 2007/2008 година	
25	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата во врска со состојбите на Градскиот пазар**	**24**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација со состојбите со Градскиот пазар	
26	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со бесправно изградените објекти во Општина Велес**	**24**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00